СКОПЈЕ
28.03.2016
02-478/3
бр. 12-79/5
25.02.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на РМ, на својата 21. седница одржана на 28.06.2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Физика на компјутерски хардвер", втор циклус едногодишни студии на Природно - математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Физика на компјутерски хардвер", втор циклус едногодишни студии на Природно - математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестра).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по физички науки - физика на компјутерски хардвер,** научно-истражувачко подрачје: Природно - математички науки, научно истражувачко поле: Физика, научна област: Физичка инструментација.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на Природно - математичкиот факултет Скопје за организирање едногодишна студиска програма "Физика на компјутерски хардвер" и одлуката на Универзитетскиот сенат на УКИМ – Скопје за усвојување на таа студиска програма, Природно - математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 19.04.2013 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ

достави предлог за прифакање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на својата 19. седница одржана на 29.04.2013 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 21. седница одржана на 28.06.2013 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков